РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр. 04-834/1
06-03-2026 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и член 10 став (4) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 166/14, 150/15 и 201/15), министерот за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ

## за определување на координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија

1. За координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија се определуваат:
   - **Елена Иванова**, советник во Одделение за вработување, мобилност и водење во кариера на вработените во одбраната во Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука - за координатор за еднакви можности на жените и мажите и
   - **Ангела Сибиновска**, советник во Одделение за планирање на персонал и развој на персонална политика во Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука - за заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите.

2. Координаторот и заменик координаторот се одговорни за организација и спроведување на мерките во надлежност на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно Законот и други нормативни акти.

3. Со ова решение престанува да важи решението бр. 04-2985/1 од 18.09.2024 година.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Марија Тренчиќ Костески
Контролирал/Согласен: Ирена Станковска
Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

Доставено до:
- Именуваните;
- Кабинет на министер за одбрана;
- Државен секретар;
- Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука;
- Архива.